Иван МИКУЛЧИЌ

# ЕДНА АНТИЧКА VILLA RUSTICA ВО ТИКВЕШ

Тргнувајќи на југозапад од Стоби, најзначајниот антички центар во Средното Повардарје, патот нè води најпрвин низ пространата долина по долниот тек на Црна. По 20-тина километри долината завршува; тука, под Дреново, патот наидува на првата пречка — мала клисура стеснета со карпи од ридот Градиште. На него лежат остатоци од голема античка населба — проблематичниот Еуристон,[1]) која по обемот одвај да заостанувала зад метрополата Стоби.

Ако тргнеме по текот на Црна, наспроти текот, таа од Дреново ќе нè упати кон југ. Кај соседното Возарци реката излегува од тесната и непроодна клисура просечена низ раселените мориовски и витачевски, во должина од преку 80 км. Патот покрај Црна — и тоа крајно тежок — ќе нè води само до големиот лак под Куманичево, каде ја напушта реката и се качува кон рудоносниот регион на Рожден, во масивот на Кожуф. Животот тука, во антика како впрочем и денес, е сведен на бавен и одвај забележлив тек, живуркање кое се граничи со борба за опстанок. Целиот овој регион гравитирал преку споменатото патче кон излезот од клисурата и стопанскиот центар — споменатиот Еуристон. А малите, тешко пристапни антички тврдини во клисурата долж патот, се најубедливи потврди за овие стремежи.

На неколку километри пред да излеземе од клисурата на Црна, од десниот брег лежи малата бочна долина, Тиквеш. Му припаѓа на атарите на селата Брушани и Ресава. Долга е 2 км, а се протега по долниот тек на Тиквешка река од теснината под Ресава до нејзиното устие во Црна. Тиквеш е извонредно питом и остро се издвојува од суровата околина; сосем е логично што претставувал примамливо катче во кое цутел животот од праисторијата до најново време. За ова сведочат и археолошките наоди.

---

[1] Ф. Папазоглу, Македонски градови у рим. доба, Скопје 1957, 243 и наведена лит. Детално рекогносцирање на теренот и мерења на населбата од потпишаниот во 1967 и 1968 г.

Со изградбата на големата брана на Црна, во хидромелиоративниот систем „Тиквеш“ на излезот од клисурата, и оваа долинка беше осудена на потопување. Денес таа е веќе дел од големото акумулационо езеро... Во летото 1967 година изведени се заштитни археолошки ископувања на сите загрозени објекти во долинката[2]) (в. план 1). Еден од нив ќе биде предмет на разгледување во овој приказ.

Континуитетот на животот во долинката може да се следи од почетоците на протоисториската епоха и низ цела антика до нејзиниот крај. Имено, во текот на халштатскиот период (IX—VIII век пред н. е.) е изградена голема утврдена населба на ритчето „Шешковско Градиште“, на 1 км северно од Градот и над левиот брег на Црна. Се одликувала со извонредно сложен и необичен фортификационен склоп (в. план 1). Меѓутоа, на почетоците на антиката кај нас, некаде во доцниот архајски период, овој пеонски опидум замира а животот никнува по прв пат на Градот, доминантното купесто брдо над устието на Тиквешка Река во Црна (в. истиот план). Меѓу најраните наоди, врзани за новиот опидум, спаѓа и еден гроб со кремација откопан во тиквешката долинка на потегот Ежови Падини (истиот план). По истекот на богатиот хеленистички период на Градот, животот замира и тука, и се спушта во отворена долинка: во текот на речиси целиот период на Раното римско царство трагите од живеењето во Тиквеш и околината укажуваат на низа мали разбиени населби и живеалишта.

Од особен интерес се остатоците од еден полски имот — мала villa rustica од ранoримско време, откриени на месноста Разбиеница. Овој потег лежи на југоисточниот крај од долинката и над теснецот што го одделува Тиквеш од горниот тек на Тиквешка Река. Одбрана е една повисока тераса која со северниот крај вертикално се издигнува (за 12—13 м) над коритото на рекичката. Има извонредна позиција и глетка над голем дел од долината.

Кон југ терасата благо се издигнува и наеднаш остро преминува во стрма карпеста падина. Долж источниот раб паѓа стрмо во бразда на еден поток. Кон запад терасата благо паѓа во мала увала. Целата површина е исчистена од камен, зарамнета, со видливи траги од оградниот ѕид. Овој опфаќа простор во вид на триаголник, голем 80 $\times$ 80 $\times$ 85 м. Во северниот агол на овој простор, наднесена над реката, стоела постројката.

Културниот слој што останал на терасата беше релативно тенок. Земјиштето во ново време редовно се оре и старите темели се вадени, така што при нашите истражувања повеќе делови од објектот беа сосем уништени.

Темелите се градени од камен без употреба на малтер; сочуван е воглавно само еден слој камење (висок 0,35—0,40 м). Поради

---

[2] А. Керамитчиев — I. Микулчиħ, Тиквеш—Кавадарци, Археолошки преглед бр. 9, Београд 1967, 185—186 (претходен извештај)

ограниченоста на времето и средствата за истражување, најголем дел од површината на дворовите и оградниот ѕид не се откопани, но и без тоа располагаме со сите основни елементи потребни за реконструкција на изгледот на постројката, функционалноста на одделни објекти, временското и културно определување.

Основата на градежниот комплекс има изглед на триаголник, со врв на северниот крај. Во основата е широк 40 м, по оската С—Ј е долг 41 м (в. план 2). Се состои од 5 одделни постројки и три помали дворови вклопени меѓу нив.

Ќе почнеме со главната зграда, наменета за живеење. Долга е (во правец С—Ј) 29 а широка 6,50 м. Се состои од 6 простории во еден ред. Западното лице гледа во дворовите I и II и е извлечено во права линија, додека источното само со јужната половина паралелно го следи западниот ѕид. Во северната половина надворешното лице покажува изразита девијација кон внатре, поради високиот подѕид на кој директно лежи; овој лачно го опфаќа челото на терасата, опколено со свијокот на реката. Поради ова северниот крај на зградата има широчина сведена на само 3,60 м.

Северното крило со просториите 1, 2 и 3 е одделено од јужното и конструктивно и наменски. Ова крило е свртено кон северниот двор (I) и комуницира само преку него. Просториите се со различна големина. Внатрешноста на одделенијата 1 и 2 во најголем дел не е откопана (поради техничките тешкотии) и позицијата на преградниот ѕид меѓу нив остана непозната. Ова е веројатно „женско крило", простор за семејниот живот. Настрана е од оперативните и други делови, најдобро заштитено и воедно на најубава позиција — на челото од високата тераса.

Кон ова крило припаѓал и дворот I, во форма на триаголник со отсечените западен и северен врв. Голем е 10,5 × 13 м. Затворен е однадвор со големиот западен ограден ѕид а од југ со внатрешната преграда што под прав агол излегува од зградата. Влезот во овој двор (и крилото воопшто) е откриен во југоисточниот агол; тоа е без сомнение и единствената врска со останатите делови од зградата.

Јужното крило е со многу поголеми простории (бр. 4, 5 и 6). Тоа е најверојатно „машко" крило, како пандан на претходното крило. Пристапот кон него водел низ правилно градениот коридор (бр. 7) јужно од дворот I. Широк е насекаде 2,25 м; најпрвин води кон исток (во должина од 7,50 м) а потоа под прав агол скршнува на југ (долг исто 7,50 м); тука е затворен со еден преграден ѕид и изолиран од работните делови на вилата јужно од него. Точните димензии, формата, остатоците од поплочување, неговата функционалност помеѓу двете споменати крила и централниот двор и најпосле репрезентативниот впечаток што го оставал тој, зборуваат за идејниот план спрема кој се изведени опишаните делови на зградата.

Кон овој склоп припаѓа и малата централна постројка со одделенијата бр. 8 и 9. Од север и исток овој објект е опфатен со споменатиот коридор, а со лицето е свртен на запад, во централниот двор. Фасадата е со отворен трем. Целата основа е голема само 5,20 × 6 м. Јужно од влезот, во тремот е запазена и камена платформа — основа за дрвени скали (и без сомнение ѕиданата субструкција) за на кат; тремот носел логично дрвен чардак.

Оваа мала постројка е на највидно место во централниот двор, репрезентативно поставена во него; таа е и во средиштето на целата вила, подигната пред станбениот блок кого делумно и го засолнува. Таа го наткрилувала дворот (како впрочем и повеќе други делови од вилата) со својот кат и чардак. Ова е, претпоставувам, управен пункт од каде е контролиран целиот производен и општествен живот на имотот.

Јужно од овој објект дополнително е доѕидана работна зграда (со просториите бр. 10 и 11). Темелите се ѕидани сосем неправилно и немарно и освен делот на западниот ѕид многу се потесни од темелите на досега опишаните објекти. На исток, тесниот коридор бр. 12 ја одделува од јужниот крај на станбениот блок. Од западната страна таа го затвора централниот двор во права линија. На север сосем се доближува до управниот објект но завршува со посебен ѕид (на 0,40 — 0,50 м од него), паралелен со него. Ова нелогично дуплирање секако е диктирано единствено поради конструктивната подвоеност на овие два соседни објекти — нивната функционална (а без сомнение и хронолошка) разлика.

Работилницата е долга 9 м, широка на северниот крај 4,50 а на јужниот 5 м. Во северниот дел е оформено мало одделение (бр. 10), подредено кон големата просторија 11 — работилницата. Оваа се шири во форма на трапез кон југ и завршува без ѕид, по цела ширина отворена кон засебниот југоисточен двор (III). Јужната страна, неприродно проширена на сметка на естетиката на постројката, свртена е кон југ и како да ја одразува потребата за што повеќе сонце. Затворена е со повеќе дрвени капаци (ќепенци) со бројни шарки, кои по потреба можеле да се затворат или вадат; овој детаљ извонредно јасно е потврден со археолошки наоди.

Директно до линијата на дрвените ќепенци започнува убаво поплочениот под на работилницата. Употребени се рамни тегули од повеќе димензии, често со понекој украс изведен со прсти (Таб. II, А). Подот, и тоа јужната третина изложена кон сонцето, при користењето бил најизложен на оштетување и уништување, меѓутоа, и најпотребен во процесот на производството. Затоа е обновуван двапати, за што зборуваат три подни хоризонти еден врз друг. И секогаш е внимателно нивелисан — рамна хоризонтална површина како значаен елемент во нејзината функција. Да го истакнеме и фактот што подовите во просториите за живеење не биле поплочени ниту еднаш.

Северно од овој плочник, до источниот ѕид, се наоѓа кружна калотеста вдлабнатина, чија горна периферија е делумно и ѕидовите се грубо поплочени со исти тегули. Широка е до 1 м, длабока 0,45 м. Служела за сместување на некоја суровина за производство.

До неа, од западната страна, на подот стоел поголем воденичен камен (со пречник од 1,40 м), до половина вкопан во подлогата. Скршен порано на два дела и неупотреблив за мелење, донесен е од реката и во оваа работилница тој добил нова функција: дупката во средината е проширена (0,55—0,60 м) и користена како дибек, за толчење или дробење на некоја материја. Дупката е провртена до долу и дибекот имал обично дно од набиена земја; затоа малку е веројатно во него да биле толчени некои земјоделски производи.

Околу каменот подниот плочник е исто обновуван. На северозападниот агол, од работилницата излегува каналче за одвод на отпадни води кон дворот.

Работилницата е уништена во пожарот, веројатно истовремено со целата зграда. Овој настан е јасно проследен со низа сочувани детали: прво е откриен паднатиот хоризонт од кровни тегули, под нив остатоци од јагленисани кровни и тавански греди, проследени со железни клинци; под нив парчиња од нагорени плитари од урнати ѕидови. Дрвените ќепенци од јужниот ѕид падналe пред тоа внатре. Под паднатиот кров беа сочувани и некои предмети што тука се затекнати во моментот на катастрофата: повеќе мали амфори здробени во место, а нивната содржина изгорена (наслаги од црна смолеста маса со карактеристична фрактура — остатоци од некој фирнис или техничко масло); една ојнохоа со зграфито — името на сопственикот. На јужниот крај на подниот плочник, помеѓу две тегули во најгорниот слој, лежела углавена една монета на императорот Волусијан;[3]) и во најдолниот слој — најстариот под, пак пропадната меѓу две тегули, откриена е една монета на Хадријан (исто средна бронза).

Откриените елементи не се доволни со сигурност да се определи намената на оваа работилница. Сепак, помислувам пред сè дека тука работел еден грнчар (дибек за фино дробење и преработка на глина; дупка во подот за шлемување и месење; канал за отпадна вода; плочник за сушење на производи пред печење како и боење на печени производи; фирнис во амфора за боење).

Кон работилницата припаѓал и дворот III; голем е 9 × сса 15 м (надворешниот, источен ограден ѕид сосем е уништен и само на основа на конфигурацијата може да се одреди). Од големиот преостанат ограден простор — „дворот" IV, што се протега јужно од комплексот на згради, дворчето е изолирано со преграден ѕид. Дури и стеснетиот простор помеѓу југозападниот агол на

[3] Н. Мушмов, Античните монети на Балкан.Полуостров, София 1912, 8,№. 60 (ковница Viminacium).

работилницата и соседната бања е затворен со мал преграден ѕид, неправилно и неестетски уфрлен. Императив бил да се спречи пристапот на случајни посетители, пред сè веројатно добитокот од дворовите II и IV, во ова дворче односно во кругот на работилницата.

Сосем е логично во ова дворче да се влегува директно од надвор, од исток; тука единствено може да му се бара главниот влез. За поточното место зборува конфигурацијата на теренот како и откриените остатоци од едно ѕитче во североисточниот агол на дворчето III. Ова ѕитче лежи искосено на линијата на јужниот ѕид од станбениот блок и со него веројатно ги претставувале крилата на prothyron (бр. 13), кои ја фланкирале вовлечената порта.

Да се вратиме на централниот двор (II). Тој има форма на триаголник, голем 22 $\times$ 16 м. Од западната страна е затворен со долг надворешен ограден ѕид; во него, во северозападниот дел, се наѕира и главниот влез во дворот и вилата воопшто. Од север е затворен со преградата од дворот I, од исток со управната зграда и работилницата.

Дворот бил поплочен со парчиња камен, тегули и искршена грнчарија. Има благ пад кон северозапад и во таа насока е насочено и главното одводно каналче. Ова започнувало кај јужната анта од тремот, излегувајќи од помало плитко собирно басенче. Отпадните води доаѓале ваму преку други две каналчиња: едно од работилницата — а нему му се приклучувало и каналчето од бањата; второто каналче доаѓало од југозапад, од помошните згради. Каналчињата се градени сосем просто — омеѓени само со побиени парчиња од тегули и плочи.

Долж јужната страна централниот двор е фланкиран со западното крило на вилата. Одделенијата бр. 14 — 20 лежат во иста линија. Одделението бр. 16, всушност трем отворен кон централниот двор, го дели крилото на два дела. Од овој трем се влегувало во соседните простории 14 и 17, како и право на југ, во преостанатиот голем простор јужно од вилата.

Одделенијата бр. 14 и 15 ѝ припаѓале на бањата, голема само 7,50 $\times$ 4 м. Јужниот темел е извонредно широк (1—1,05 м). Малата соблекувална има на северозападниот агол отвор — тука е всушност вкопано ложиштето за затоплување на бањата. Се ложело однадвор, а темелите што го опфаќаат ложиштето се проширени од таа страна. Големи количества на изгорена глина — чакал и делови од тегули со кои ложиштето било засведено, се паднати во вкопаната основа.

Од соблекувалната низ мала врата се влегувало во просторијата 15, која ги обединувала сите преостанати функции на античка бања. Поголемиот дел ѝ е опфатен со хипокаустната конструкција, а во североисточниот агол се откриени остатоци од правоаголна писцина или када. Субструкцијата и подот на хипокаустот се градени од големи рамни тегули, керамичните суспен-

зури се од еден дел — во вид на четвртести столпчиња (Таб. III, А). И писцината е градена од овие елементи.

Тука се откриени и еден цел и делови од повеќе други керамични ќумци (tubuli) за довод на вода. Неколку фрагменти источно од бањата, во западниот крај на дворот III, укажуваат на југоисток, од каде безсомнение е и доведувана блиската изворска вода.

Западно од тремот бр. 16, лежи голема просторија 17, што со северниот крај скоро двојно излегува од фасадната линија на ова крило. Масивните темели — особено јужниот, како да ја навестуваат потребата за поголема безбедност на оваа просторија. Таа можеби служела како остава за продукти, најверојатно земјоделски. Зачудува изразито искривената линија на западниот ѕид и воопшто неправилната основа на просторијата, што исто така оди во прилог на изнесената претпоставка за намената на ова одделение.

Западно од него лежи долгото одделение 18, чии темели само се потпрени до претходното. Со северозападниот агол е сраснато со надворешниот ограден ѕид а западно од него останува уште еден сосем мал простор, триаголен, делумно затворен и од јужната страна (бр. 19).

Просторијата 18 имала најзафрлена положба — во крајниот југозападен агол на вилата, на половина скриена зад оставата бр. 17. Еден влез имала од централниот двор, еден од јужната страна — кон големиот ограден простор IV. Поради должината на ова одделение (7,50 м), возможно е да било преградено во два одделни дела, но остатоците од ова не се сочувани. Просторијата служела можеби за живеење на послугата или пак била коњушница.

Јужно од линијата на западното крило на вилата, потпирајќи се на бањата по целата нејзина должина, оформена е уште една просторија (бр. 20); голема е 7 × 5 м. Северниот ѕид ѝ е заеднички со бањата, кон запад е отворена по целата ширина. Нејзината позиција јужно од помошното крило на вилата и поврзаноста со големиот ограден простор IV зборуваат за некоја сосем споредна намена.

## Техника на градење, идејна концепција

Напред споменавме дека откриените темели се сочувани само со еден слој камење. Тоа не е случајно ако се земе предвид целиот градежен комплекс. Во шутот не е откриен воопшто паднатиот камен од ѕидовите. Нема сомнение, со камен биле ѕидани само темелите. Тие образуваат насекаде еден нивелиционен хоризонт (висок 0,35—0,40 м), како подлога за ѕидање со друг материјал. Олкавата висина дозволува и да мислиме дека хоризонтот на камењата во голем дел (можеби половина) се издигал над нивото на теренот. Ова го потврдуваат повеќе откриени детали: нивото на

каналот во с/з агол на работилницата; нивото на ложиштето; фактот дека ниту една врата (без можеби два исклучока) немала каменен праг; повисокото ниво на темелите во однос на поплочениот двор III и коридорот 7. Со ова е потенцирана двојната функција на темелите: освен како носачи тие требало да ги изолираат ѕидовите од влагата на околниот терен.

Ѕидовите биле градени, во тоа нема сомнение, само од плитар (сушена, непечена тула). Откриени се на повеќе места парчиња од нагорени квадери плитар, за ова зборува и составот на земјата, создаден од распаднатата ѕидна маса; а веќе го споменавме непостоењето на камен или тула во шутот.

Оваа прастара и основна градежна техника во грчкиот-источномедитеранскиот свет, што на наша почва беше прифатена повеќе векови пред доаѓањето на Римјаните, гледаме како егзистира и во текот на Раното царство како продолжување на овие традиции.

Раноцарската архитектура одвај да е позната кај нас: има само неколку јавни градби во градските центри (термите и портикот во Хераклеја, градскиот храм и дел од гимназионот во Стибера, дел од царскиот храм на Исарот кај Марвинци, театарот во Стоби). Нивниот јавен и репрезентативен карактер како и специфичната намена сосем ги оддалечува од обичните постројки од тоа време. Погрешна претстава ќе ни дадат и бројните камени постројки од Стоби и други градски центри или спорадични објекти, подигнати во IV век и подоцна. Големиот пресврт и во архитектурата од времето на почетоците на Доминантот е познат толку добро, што не треба да зборуваме за тоа тука. Само да напоменеме дека и таа нова, многу поквалитетна доцноцарска архитектура која е проширена и на просечни профани објекти, и натаму носи егејски, ориентален печат. Тоа е „културата на каменот", а присуството на римската тула е сведено на минимум — таму каде е навистина неопходна (довратници, надзидани отвори, рабовите; репрезентативниот „opus mixtum").[4]) Меѓутоа, најновите ископувања во Стоби укажаа на една толку интересна новост: хеленистичките традиции на плитар живеат и во текот на раноцарското време, па дури и кај големите згради и тоа во метрополата![4a])

Што да речеме тогаш за еден обичен селски имот, во покраината која со векови пред тоа била натопена со хеленскиот дух и хеленски начин на живеење, а присуството на Римјаните одвај и да се чувствувало?

---

[4] За овој опус на македонските наоѓалишта в. К. Петров, Смешано ѕидање во неколку згради во Македонија од III до VI век, Зборник на Археол. музеј I, Скопје 1955, 73—77.

[4a] Новите ископувања во Стоби под раководство на Г. Мано—Зизи и J. Wiseman, со импозантниот обем и содржина на поставениот шестгодишен проект, веќе во почетната, 1970 година исфрлиле некои неочекувани моменти. Тука спаѓа и техника на плитар, досега непозната во урбаната архитектура од римскиот период кај нас. Особено јасно овој феномен е сведен во големата апсидална сала и соседните простории во „Северната палата", порано наречена „Текстилна работилница" и „Теодосиева палата" (акција на потпишаниот).

Преостануваат уште некои прашања околу нашите темели. Дали и ѕидовите имале толкава дебелина (или приближна) колку што изнесува широчината на темелите под нив? На многу места оваа изнесува и повеќе од 1 м, а тоа е тешко прифатливо и дури нелогично, макар што се работи за еден таков ефтин и слаб материјал каков што е плитарот. Можеби ќе го сфатиме и објасниме овој феномен, ако погледаме каде се јавуваат пошироки темели. Освен неколкуте помали делови на западното крило кои беа зајакнати поради оптеретеноста на конструкцијата или потребата за сигурност, широки темели има воглавно само станбената зграда. Оваа била можеби на кат; тогаш и коридорите бр. 7 и 12 пред западната фасада би го добиле своето полно значење и функција. Натаму, оваа зграда има широчина од само една просторија и логично е да се очекува извлекување нагоре наместо во ширина, а бројните аналогии од античката архитектура од тој вид ова го поставуваат како вообичаено.

Скоро во сите простории во станбената зграда најдени се покрај ѕидовите и особено во аглите остатоци од фина бела вар — траги од боењето на ѕидовите. Но тоа е за жал и единствениот украс на постројката, освен тоа сосема скромен.

Идејната замисла на вилата се разликува од римските обрасци на овој вид градби.[5]) Пред сè постројката му е подредена на теренот — триаголната површина на терасата и таа се оформувала во оваа насока. Нагласеното делење на две крила (женско и машко) е исто така неримски, односно источномедитерански елемент; свртувањето на згради кон затворени дворови и дворчиња исто така. За ориенталната техника на ѕидање веќе зборувавме. Реминисценциите на прастариот егејски мегарон со трем, централно поставен во дното на главниот двор, зачудувачки се јасни. Наместо една голема зграда со посложен распоред на одделенијата, градена спрема некој од шаблоните што ги среќаваме кај римските вили, тука имаме збир на мали куќи кои не успеале уште да решат поширок распон отколку што изнесува една просторија. Пак хеленистички традиции сочувани во целина, а чии изворни претставници веќе рано ги среќаваме кај нас (Дебреште кај Прилеп, Стоби). И на крајот, за истата идеја зборува и целиот склоп на одделни граѓевини и дворчиња, што на прв поглед наметнуваат впечаток на безидејноста, слободното и дури стихијно расфрлување во просторот.

## Ситни наоди, хронологија

Во поглед на датирањето на откриената постројка сигурни податоци ни дава грнчаријата, наоѓана масовно во повеќе делови од вилата. Таа е разделена стратиграфски уште при ископувањето

[5] E. B. Thomas, Romische Villen in Pannonien, Budapest 1964.

во една постара група, наоѓана воглавно како насип во подовите и во дворот и нешто помлада група — како инвентар во повеќе простории што бил употребуван во последните неколку децении од животот на постројката, сè до нејзиниот крај. Типологијата ја потврдила оваа поделба во целина. Наменски, грнчаријата опфаќа групи на фино работена, репрезентативна керамика која е воедно и најбројна, потоа мало количество на прости форми за во домаќинството („кујнска" и „огнишна"), како и амбалажната грнчарија (амфори) која е релативно бројна.

Првата група е неспоредливо најдрагоцена по низа прашања. Судејќи по фактурата, квалитетот на глината и фирнисот како и по начинот на боењето, се работи очигледно за квалитетна локална продукција, меѓутоа типолошки е тесно врзана за современите големи креативни центри на источномедитеранскиот свет. Бројни варијанти на патери, чаши и чинии, со манири на боењето, видот на лакот и пред сè богатите и чисти профили во формата, строго се држат до примерите од југоисток и верно ги следат сите промени — технички, модни, практични, лансирани во далечниот Пергам или Самос, Коринт, Атина.[6])

Во раната група на нашите наоди преовладува уште црвено-кафеав и мрк фирнис како доцнохеленистичка традиција од августовската епоха и децениите по него. Се истакнуваат рани форми на калотести чаши и мали патери, со нежна периферија која одвај се нагласува, и остро профилирана, изразито прстенеста нога (Т. III, бр. 1—5).[7]) Стари традиции живеат и во примероците со вовлечена периферија (Т. I , бр. 6, 7), [8]) но се појавуваат и првите елементи преземени од италското тло — рамно, долу потсечено рамо со триаголен пресек (Т. III, бр. 8)[9]) или карактеристичната расчленетост на вертикално рамо и калотест мев со нагласена бордура на нивното прекршување (Т. III, бр. 9).[10])

Големите патери уште се под влијанието на форма кои имитирале самоска стока (Т. III. бр. 10, 11),[11]) или продолжеток на остри августовски форми со мрко-кафеав лак (Т. III, бр. 12).[12]) Сите овие форми прецизно се датираат под крајот на I и првата половина на II век.

Тука спаѓаат временски и неколку примероци на погруба грнчарија за домаќинството (Т. IV, бр. 16, 17).[13])

---

[6] H. Goldman, Tarsus, I, The Hellenistic and Roman Periods, Princeton 1950; — G. R. Davidson, Corinth, Vol. XII, The minor objects, Princeton 1952; — H. Robinson, The Athenian Agora, Vol., V, Pottery of the Roman Period, Princeton 1959.

[7] H. Robinson, Agora, p. 29, G. 65, 66 (Pl. 66); — 47, H. 10 (Pl. 68); — 28, 29, G. 61, 66, 68 (Pl. 66); — 29, G. 77 (Pl. 67); — 97, M. 144 (Pl. 70) — se·docen I — прва половина на II век.

[8] Ibid., 49, H. 32 (Pl. 68) — исто датирање.

[9] Ibid., 41, G. 174, 176 (Pl. 67) — исто дат.

[10] Ibid., 47, H. 4 (Pl. 68) — прва пол. од II век.

[11] Ibid., 87, M. 34 (Pl. 70) — доцен I — ран II век.

[12] Ibid., 42, G. 185 (Pl. 67) — исто дат.

[13] Ibid., 42, G. 193, 194 (Pl. 7) — исто дат.

Во текот на одминатиот II и раниот III век бројот на варијантите маркантно осиромашува; нежните мали типови ишчезнуваат сосем; глината е со сè поголем процент на мика, ѕидовите се подебели и помеко печени, богато профилирање се губи. Егзистира само црвен фирнис во повеќе варијанти, сè попосен колку што временски се оддалечува од своите почетоци. Меѓу поубавите претставници тука спаѓа и споменатата ојнохоа со црвен лак и дополнителен сграфито (Διωχος) грубо угравиран околу рамото; типот на буквите го определува натписот во раниот III век.

Најдоцнежните примероци на патери, со карактеристични периферии и рамиња (Т. IV, бр. 13—15)[14]) ја одредуваат средината на III век од н. е. како горна временска граница на егзистирањето на вилата. И двете откриени монети зборуваат приближно за овој распон: едната е средна бронза на Хадријан (117—138 г.), втората на Волусијан (251—253 г.). Останатите метални предмети се исклучиво од железо — разни делови од окови, брави и шарки, како и други предмети за домаќинство.

## Некои општи забележувања

Видовме дека постројката не е од оној тип на вили, кои во бројните римски провинции (во Сев. Африка, Галија, Британија, па и во нашата Далмација)[15]) претставуваат по големина и функција главни форми на римското стопанство и управување надвор од градовите. Во Тиквеш немаме големи римски латифундии. Вкупната површина од 100 ина хектари обработлива земја дава впечаток на една целина, права мала оаза обиколена со безводни камени пасишта, прнар и закржлавена шума. Меѓутоа постојат сигурни потврди дека животот во антиката ја исполнувал оваа долинка во многу поширок обем отколку што е откриената вила. Без сомнение само помал дел од земјиштето било praedium на вилата — тоа впрочем го навестува и обемот на зградата.

Тука имаме пример за предримското раслојување од една кланска имотна заедница,[16]) издвојување на поситни и покрупни земјопоседници од една страна а безземјаши — наемната работна сила од друга. Времето на римското владеење во овие краишта односно римскиот општествено-класен и стопански систем ова само го зајакнуваат и натаму го продлабочуваат.

---

[14] Ibid., 61, 62, 63, K. 19, 32 и 42 (Pl. 69) — средина на III век; p. 80, P. 11186 Pl. 70) — доцен III век.

[15] За големиот „Castrum" во Могорјело кај Чапљина в. C. Patsch, во ГЗМ БиХ св. 26, Сарајево 1914, 158 ff, сл. 14—18; за исто и I. Чремошник, во ГЗМ ВиХ Н. С. св. 7, 1952, 241 ff.

[16] Оваа изворна кланска заедница оправдано можеме да ја идентификуваме со првиот пеонски oppidum на Шешковското Градиште кој ја поседувал и оваа долинка, како и новиот oppidum на Градот во почетоците на неговото егзистирање, т. е. пред полно расцутување во хеленистичкиот период; за ова в. во уводот на оваа статија.

Сопственикот на Разбиеница бил хеленизиран домородец; имаме и епиграфски потврди за ова — една надгробна стела со натпис, ископана во оградениот простор IV јужно од западното крило на вилата. Тука безсомнение лежеа гробовите на сопствениците на имотот.[17])

Пред нас е всушност осредно земјопоседничко домаќинство. Претставата ни е доволно заокружена: скромна големина на постројката, примена на само најпростиот градежен материјал — плитар, отсуство на камени архитектонски елементи, подна и ѕидна декорација па дури и обично поплочени подови. Сепак со доволно простор за живеење на семејството на стопанот, окружено со нешто послуга и можеби некој роб[18]) за работа во куќата, околу стоката и во работилницата. Останалите работници постојана или сезонска наемна сила, живееле надвор од вилата но изгледа сè уште во границите на овој посед. На стотина метри западно од градежниот комплекс, во блага увала јужно од реката, на една мала површина се откриени остатоци од неколку куќи — колиби; изорана е раноцарска грнчарија — претежно огнишна и амбалажна за употреба во домаќинството и камења од прости темелчиња — овие објекти некогаш безсомнение стоеле во зависност од вилата.

Имаме и неколку сосем блиски аналогии од ваков земјишнопоседовен тип во потесната околина на Разбиеница. Како што изгледа и во нашата долинка егзистирал уште некој сличен имот: индиции постојат пред сè на Шакалица, околу 500 м југозападно од Разбиеница. Оваа истурена, тесна јазичеста тераса високо над коритото на реката, поставена е точно на средина над тиквешката долинка. Тука се спуштал и патот од Градот кон реката на североисток. Не е случајно што дури тука е вкопана и некрополата на средновековното гратче Тиквеш (гробови од XII—XIII до ран XVIII век); на источниот агол на некрополата беше подигната и мала гробишна црква.

За време на археолошките ископувања на ова место — особено на источниот крај, се појавувала во значителен обем и фина раноцарска грнчарија од иста категорија како и онаа од Разбиеница. Тука, околу споменатото црквиче како и кај соседната средновековна црква на месноста Манастирче (200 м на ј/з од Шакалица) лежат бројни камени архитектонски делови — обработени довратници, колони и столпчиња (Т. II, Б), делови од еден рачен млин, питос, надгробна стела и др. Некои од нив можеби потекнуваат од вилата, која, верувам, се наоѓала на Шакалица.

---

[17] Местото на наодот на стелата ни го покажа сопственикот на нивата, кој ја изорал тука меѓу двете војни Тоа е пренесена во скопскиот Археол. музеј заедно со уште други 7 од околината на Ресава — в. Н. Вулић, Споменик СКА бр. 71 (1931), бр. 173—175, 177, 632, 634; Спом. 75, бр. 136, 137.

[18] Исти, Спом. 71, бр. 632 (од Ресава), со споменување на робови.

И во соседната долинка по горниот тек на Тиквешка река, 1,3 км на ј/и од Ресава, на месноста „Чаковец" констатирани се остатоци од една villa rustica.[19]) Во 1959 година тука се истражени 3 богати гробови, во рамките на малата семејна некропола на вилата. Два гроба (скелетни) се датирани со прилози во IV век, а се градени во вид на камени цисти; како градежен материјал употребени се и неколку раноцарски надгробни стели, од почетокот на III век.[20]) Третиот гроб е со кремација и сместен во мермерен осуариј (цилиндрична циста со капак во вид на cipus);[21]) богатата пластична декорација на урната, со високи уметнички и технички квалитети, ги одразува манирите од времето на Хадријан — делото е создадено не подоцна од средината на II век.[22]) Имаме значи потврди за континуиран живот од ран II до длабоко во IV век.

Положбата на вилата е идентична со нашата: доминантна тераса над реката, опфатена со ограден ѕид, триаголна површина приближно голема колку и нашата; семејната некропола лежи во долниот (западен) агол на овој простор.[23])

Една villa rustica од овој обем откриена е и кај соседното Дреново, на месноста „Беќирева чешма — Грамаѓе" на 1,2 км источно од селото. И во овој случај одбрана е една мала тераса (во источното подножје на Врано Брдо), доминантно поставена над пошироката околина. Темелите на градежниот комплекс (големата централна зграда окружена со повеќе мали) се градени од камен со бел варовен малтер; лоцирани се на западниот агол — највисокото место на овој простор. Семејната некропола лежи во долниот (североисточен) агол.[24]) Најраниот наод е семејната гробница со стела, датирана во 104 година н.е. (250-та година по македонската ера)[25]) (T. I, сл. 3).

* * *

Да се вратиме на уште некои прашања, врзани за тиквешката долина. Веќе рековме дека животот на имотот на Разбиеница е прекинат наскоро по средината на III век; како што изгледа насилно (проследено со пожар). На оваа горна временска граница укажува и некрополата на месноста Подрид, сувото ритче поставено спроти вилата — од другата страна на реката и над источ-

---

[19] Е. Керамитчиев, Чаковец-Ресава, Археол. преглед 2, Београд 1960, 106 и д.

[20] Ibid., Т. XVIII, сл. 3.

[21] Ibid., Т. XVIII, сл. 2.

[22] Многу близок примерок од овој редок тип, од исто време, в. кај А. К. Орландос во Τὸ ἔργον τῆς ἀρχεολογικῆς Ἑταιρίας за 1963, Атина 1964, 12, сл. 12 (Атина, Академија Платонова).

[23] Рекогносцирање на наоѓалиштето од страна на потпишаниот во 1967.

[24] Исто (со А. Керамитчиев).

[25] Рамна правоаголна плоча од мермер, со профилирана рамка и грчки натпис во 5 реда: Διονύσιω τῶ ἀδελφῶ καὶ Σεκούνδω τῶ πάτρι καὶ Σεκούνδα τῆ μῆτρι καὶ ἑαυτῶ ἐποιέσα Πρεῖμος ἐκ τῆς ἐκείνου δύρας καὶ ἔκ τῶν ἰδίων ζῶν καῶν Ἔτους $\overline{\text{N}}$ $\overline{\text{C}}$

ниот крај на долината. (в. план 1). Истата без сомнение влегувала во поседот на вилата. Тоа го потврдува и малиот обем на некрополата како и сиромаштвото во прилозите — тука секако се погребувани долните слоеви на населението, што биле во зависност од поседот. Имаме една очигледна потврда за тоа: откопаниот гроб бр. 2, во форма на длабока правоаголна циста, граден е од осум големи воденички камења кои биле од долга употреба оштетени или искршени. (Т. I, сл. 1). Гробот содржел скелети на возрасна жена и дете врз неа; се работи бездруго за семејството на еден воденичар. А единственото место во поширокапа околина, погодно за работа на воденициите, се наоѓа токму во малиот и стрмен теснец на Тиквешка Река, во непосредна близина на вилата (на 200—600 м источно и југоисточно од неа). Овој извонреден извор на приходи секако го имале на ум и господарите на вилата и малку е веројатно дека ги испуштиле тие можности и тоа право.

Приближно во исто време — доцен III век, се обновува животот на еден друг пункт, неспоредливо поголем и позначаен. Тоа е утврдената населба — гратчето на месноста Градот, поставена на зарамнетиот врв на едно купесто брдо над устието на Тиквешка Река во Црна. Одбранбениот ѕид е масивно и квалитетно граден (камен со варовен малтер) а опфаќа приближно квадратен простор голем нешто над два хектара. Главната порта, фланкирана со голема кула (7 $\times$ 8 м во основата), се наоѓала на источниот бедем — над единствениот природен пристап кон населбата. Тоа е тесен планински срт, вештачки пресечен во подножјето на бедемите.

Пробните ископувања кои се изведени на овој локалитет[26]) пружиле потврда дека гратчето егзистирало од истекот на Раното царство до крајот на антиката. Посебно интересни се бројните наоди на згура од топење на метал на Градот.

За експлоатацијата на рудните богатства во планинскиот регион околу Витолиште и Рожден во римската епоха укажав на друго место.[27]) Во уводот на оваа статија зборував за патот што од овој рудоносен регион водел низ Црна и покрај нашиот Град, кон север. Учеството на тиквешкото гратче во некој вид на оваа дејност мислам дека е несомнено. Таа дејност постоела веќе во текот на Раното царство: една надгробна стела, чиј дел е откопан во северното подножје на градот (на месноста Грамада, како сполија во средновековното црквиче; в. план 1), носи претстава на еден рудар (со семејството — жена и дете. Голем е 51 $\times$ 51 $\times$ 9 см; в. Т. I, сл. 2).

---

[26] А. Керамитчиев, op. cit., 108, 109 (за апсурдните податоци — дека тврдината доминира над патот од Стоби за Битола, — дека служела за стационирање на војска, — дека е голема 18 хектари и др., на ова место нема да расправаме). — Натаму, исти, во Археол. преглед 3, 1961, 121—124.

[27] И. Микулчиќ, Старо рударство кај Витолиште, Стремеж бр. 7 /XII, Прилеп 1967, 46—53.

Овој релјеф е несфатливо примитивен и спрема општите иконографски тенденции на упростување и стилизирање — кои посебно се карактеристични за овој крај („кавадаречка група") — му припаѓа на крајот на оваа уметност, во првата половина на III век.

Уште еден споменик од околината на Ресава укажува на врските со рударството: тоа е вотивен натпис посветен на Херакле — „најголемото божество".[28]) Функцијата на Херакле како најголем заштитник на рударите и подземниот свет воопшто, во општите процеси на синкретизмот во римската религија односно во времето за кое тука зборуваме, веќе е позната.[29]) Од седумте дедиканти на овој натпис тројца се со римски имиња (само во грчка транскрипција); нивното присуство во овој колегиум односно во овој крај може да се објасни пак само со рударење — како учесници — акционери во рудничките концесии. Истиот случај е потврден и во блискиот рударски центар во Витолиште.[30])

* * *

Останува да кажеме и неколку збора за понатамошниот живот на Градот. Тој е уништен, како впрочем и сите други антички населби од нашите краишта, на истекот на антиката. Во доцновизантиско време средишниот дел на римскиот кастел е обновен — изградена е помала тврдина, документирана со наоди од XII до XV век. Тоа е всушност „градот Тиквеш", чие име се проширило во турскиот период и на целата долинка, а во најново време и на поголемиот дел од кавадаречкиот крај. Кон средновековниот град припаѓале и трите истражени цркви — на месностите Грамада, Манастирче и Шакалица, како и некрополата на последното наоѓалиште.

---

[28] Н. Вулић, Споменик 71, бр. 176 — од крајот на II или раниот III век.

[29] И. Микулчиќ, op. cit., 52; исти, Непознат антички град кај Мојно, Год. зборник на Фил. факултет кн. XX, Скопје 1970. — Кон ова приклучувам уште една директна потврда што порано ја испуштив: во срцето на Злетовскиот рудоносен басен, кај селото Гризилевци, на месноста „Златица (Плавица)" постои античко рударство окно. Во него, недалеку од влезот, на ѕидот се извајани претставите на двајца митолошки заштитници на рударите; еден од нив е Херакле.

[30] Н. Вулиќ, Споменик 75, бр. 139; — И. Микулчиќ, op. cit., Стремеж 7/XIII, 50 (убаво обработениот почесен базис, подигнат на . . . Јулие Келад, Стобјанин).

Ivan MIKULČIĆ

# EINE ANTIKE VILLA RUSTICA IN TIKVEŠ

(Zusammenfassung)

Ungefähr 25 Km nach SW von der antiken Stadt Stobi, am Ausgang aus der langen Schlucht der Crna Reka (Erigon), liegt das kleine Tal Tikveš genannt. Im Jahre 1967 wurden durch archäologische Ausgrabungen eine Reihe von Lokalitäten in diesem Tal durchgeforscht: ein früheisenzeitliches oppidum, ein päonisches Brandgrab aus dem VI—V Jh. v. u. Z., Teil einer Nekropole und einer kleine villa rustica aus der Römerzeit, drei spätmittelalterliche Kirchen. Der Zentralpunkt in diesem geschlossenen Region war der befestigte Hügel Gradot, auf welchem in der klassischen und hellenistischen Zeit ein päonisches oppidum existierte; in der späten Römerzeit dieses war wieder erneuert und gut befestigt; zum letzten mal wurde da die mittelalterliche Burg Tikveš aufgebaut (s. Karte 1).

Die kleine villa, besser ein grösserer Bauernhof, umfasste folgende Objekte: Wohnhaus von sechs aneinandergeordneten Räume, doch in zwei Flügel getrennt. Der nördliche Flügel (Räume Nr. 1—3) ging auf den kleinen Hof I, welcher von den übrigen Teilen des Bauernhauses fast isoliert war. Der südliche Flügel (Räume Nr. 4—6) war mit dem Haupthof (II) durch den bepflasterten Korridor (Nr. 7) verbunden. Dieser Hof war zentral disponiert, bepflastert und hatte kleine Abfallwasserkanäle. Das kleine Gebäude mit dem offenen Vorraum und Postament für Treppen (welche den Stock indizieren), lag im Hintergrunde des Haupthofes und im Zentrum des ganzen Baukomplexes (Räume Nr. 8, 9). An dieses Gebäude war nachträglich eine kleine Werkstätte nachgebaut (Räume Nr. 10, 11). Mit der ganzen südlichen Seite öffnette sich die Werkstätte nach dem kleinen isolierten Hof III. Das bewahrte Inventar vermutete auf eine Töpfereiwerkstätte.

Der Haupthof war von der südlichen Seite mit dem langen Flügel von Hilfsräume des Bauernhauses flankiert (Räume Nr. 14—20). Die genaue Verwendung konnte man nur bei Räumen Nr. 13—14 beschliessen — ein kleines Bad mit sehr vereinfachten Schema. Im Vorraum war von aussen das praefurnium eingebaut, und der Hauptraum mit der piscina war durch das hypocaustum geheizt. Das Wasser war durch keramische tubuli herangebracht (s. Karte 2).

Der ganze Baukomplex mit innerer Elementenanordnung, deutet auf orientale, hellenistische Vorbilder die in Päonien schon zur Zeit des Hellenismus angenommen waren. Auf den selben Beschluss weisst auch die Bautechnik hin; die Fundamente sind aus Stein, die Mauern jedoch aus rohen Lehmziegeln. Die Reste vom weissen Kalkanstrich auf der Innenseite der Wände schien auch der einzige Schmuck der Räume gewesen zu sein.

Die Töpferware stellt die qualitätvolle heimische Ware dar, welche die gleichzeitige Produktion aus Aegäis nachahmt. Die Keramik spricht uns gleichzeitig die Lebensdauer im ausgegrabenen Bauernhof — von Ende des I, bis zur Mitte des III Jh. Darüber zeugen auch die Münzfunde: aus der ältesten Fussbodenschicht in der Werkstätte wurde eine Münze Hadrians, und, aus der jüngsten ein Münze Volusians gefunden.

Spuren von ähnlicher Bauernhöfe desselben Typs, wurden a auch in näherer Umgebung von Tikveš entdeckt. Zwei solcher Objekte — bei den benachbarten Dörfen Resava und Drenovo — haben im Rahmen des Gutes auch Familiengräber ihrer Besitzern. Die Nämen auf den Epitafen dieser Grabdenkmälern, weisen darauf hin, dass diese reiche Grundbesitzer hellenisierende Mazedoner sein könnten, am wahrscheinlichsten autochtone Bewohner. Diese Bemerkung könnte auch auf die Inhaber der beschriebenen villa in Tikveš bezogen werden; hier wurde (noch vor dieser Ausgrabungen) auch solch ein Grabdenkmal entdeckt.

Dies wären die ersten Zeugnisse von einer Existenz solchen Bautyps und solchem Grundbesitzsystem auf dem Nordgebiet des antiken Mazedonien.